1 РАБОТИЛНИЦА 29.05.2026г.

Биоотпадот има вредност – Рециклирај природно! ♻️🌿

Едукативен центар за зачувување на природата с. Негрево, **Општина Пехчево** успешно ја реализиравме првата работилница во рамки на проектот „Биоотпадот има вредност: Рециклирај природно“, исполнета со учење, креативност, дружење и многу зелена енергија! 💚
На наше големо задоволство бевме домаќини на учениците и дел од наставниците од **ООУ „Ванчо Китанов“- Пехчево** – ПУ с. Црник, Пехчево, кои со голема љубопитност, ентузијазам и активна вклученост беа дел од оваа зелена едукативна приказна. 🌱
Преку интерактивна презентација и тематска декорација, учениците имаа можност да научат што претставува биоотпадот, зошто има вредност и како правилно да се селектира. 🔄
🍎🥕Во духот на здравите навики, заедно декориравме и конзумиравме сезонско овошје и зеленчук, а потоа практично учевме како правилно да го селектираме биоотпадот и да го насочиме кон неговата највредна трансформација – компостирањето.
🪴Посебно задоволство ни претставуваше практичниот дел, каде што готовиот компост го искористивме за подобрување на квалитетот на почвата кај цвеќињата, уште еднаш потврдувајќи дека природата знае да врати кога со љубов се грижиме за неа. 🌸
🏅За својот труд, љубопитност и придонес, сите дечиња добија благодарници и симболичен подарок – магнет за фрижидер со QR код, кој води до web страната на Едукативниот центар, каде може да ја видите постапката на компостирање како потсетник дека секој мал чекор создава голема промена. 🌍
💚Благодарност до нашите партнери и поддржувачи: People in Need (PIN), АРНО, ЛЕАД и Ековита, во рамки на проектот „Граѓанското општество и младите за инклузивен и одржлив развој преку циркуларна економија во Северна Македонија“, финансиски подржан од Европската Унија 🇪🇺
🌻Заедно учиме, селектираме и создаваме нов живот – затоа што биоотпадот навистина има вредност!
"Добрите навики почнуваат дома, а растат во заедницата."





2 РАБОТИЛНИЦА 01.06.2026г.

♻️🌿**Едукативен центар за зачувување на природата** с.Негрево, повторно беше исполнет со весели детски лица, голема љубопитност и зелена енергија! 💚
Со големо задоволство бевме домаќини на учениците и наставници од **ООУ „Дедо Иљо Малешевски“** од Берово, кои беа дел од едукативната работилница во рамки на проектот „Биоотпадот има вредност: Рециклирај природно“. 🌱
Преку интересна едукативна теоретска презентација, учениците имаа можност да научат што претставува био отпадот, зошто е важно правилно да се селектира и каква е неговата улога во создавање поздрава и почиста животна средина. Разговаравме за важноста на компостирањето, како природен процес што го претвора отпадот во вреден ресурс за почвата, растенијата и идните генерации. 🌍
🍎🥕Работилницата продолжи со едно поинакво и прекрасно искуство – здрава сезонска храна, креативни декорации и практична настава, каде учениците активно учествуваа во селекција на био отпадот, процесот на компостирање и неговата правилна примена.
🌳Посебен предизвик беше практичниот дел во дворот на Едукативниот центар, каде децата имаа можност да видат како биоотпадот добива нова вредност и како готовиот компост може да се искористи за подобрување на квалитетот на почвата и растенијата. Така, од теорија преминавме во вистинско доживување и учење преку практика. 🌸
💚Искрена благодарност до учениците и наставниците за нивната активност, љубопитност и позитивна енергија, како и до нашите партнери **People in Need** (PIN), **ARNO**, **LEAD- Leaders for Education, Activism and Development** и **Ekovita**, во рамки на проектот „Граѓанското општество и младите за инклузивен и одржлив развој преку циркуларна економија во Северна Македонија“, финансиски поддржан од Европската Унија 🇪🇺🌳
🌻Кога децата учат да ја сакаат природата, расте надежта за позелена иднина. Заедно учиме, селектираме и создаваме нов живот!
♻️ "Скенирај за повеќе информации"♻️







3 РАБОТИЛНИЦА 08.06.2026г.

"Биоотпадот има вредност – Рециклирај природно!" ♻️🌿
Во **Едукативен центар за зачувување на природата** с.Негрево, се одржа уште една од низата едукативни работилници за биоотпад, овој пат со учениците од 8 и 9 одделение од **ООУ „Ванчо Китанов“- Пехчево** кои со голем интерес, љубопитност и активна вклученост беа дел од оваа важна еко-приказна. 💚
Во рамки на работилницата, на самиот почеток учениците преку интерактивна презентација имаа можност да научат повеќе за тоа што претставува биоотпадот, зошто е важно неговото правилно селектирање и каква е улогата на компостирањето во зачувување на животната средина. 🌍
🍎🥕Работилницата продолжи преку практични примери, здрава сезонска храна и креативни активности, учениците откриј дека остатоците од овошје, зеленчук, листови и природни материјали не се отпад, туку вреден ресурс кој може повторно да стане живот.
🌳Посебно внимание предизвика практичниот дел во дворот на Едукативниот центар, каде учениците активно учествуваа во селекција на биоотпад, компостирање и практична примена на готов компост, кој го искористивме за подобрување на квалитетот на почвата и цвеќињата. Така, теоријата стана вистинско искуство и учење преку практика. 🌸
💚Голема благодарност до учениците и наставниците од ООУ „Ванчо Китанов“ – Пехчево и до останатите гости, за нивната заинтересираност, позитивна енергија и желба да бидат дел од промените кон поздрава и почиста животна средина.
Благодарност и до нашите партнери **People in Need** , **LEAD- Leaders for Education, Activism and Development**, **ARNO** и **Ekovita** , во рамки на проектот „Граѓанското општество и младите за инклузивен и одржлив развој преку циркуларна економија во Северна Македонија“, финансиски поддржан од Европската унија. 🇪🇺

🌻Кога младите учат да создаваат вредност од отпадот – тогаш создаваат и подобра иднина за сите нас!






4 РАБОТИЛНИЦА 19.06.2026г.

Најмалите учат најголеми лекции за природата! 🧒🧒🌿
Едукативен центар за зачувување на природата с.Негрево, беше исполнет со детска радост, љубопитни погледи и искрени насмевки. Наши драги гости беа децата од **ОЈУДГ „ 7 СЕПТЕМВРИ “ ПЕХЧЕВО**, заедно со нивните учителки, негователки и Директорката, која нè удостои со своето присуство и поддршка. 💚
Преку игра, практична работилница за здрава храна, преку интересна приказна: „Тајната на Био-кралството“, најмалите имаа можност да откријат дека природата крие многу тајни и дека секоја лушпа од овошје, секој лист и секое гранче можат повторно да станат дел од животот преку процесот на компостирање. 🌱
🍎🥕Заедно разговаравме за важноста на здравата исхрана, уживавме во вкусно сезонско овошје и зеленчук и се освеживме со природно подготвен свеж сок, учејќи дека грижата за природата започнува со грижата за сопственото здравје.
♻️Во практичниот дел од работилницата, децата активно учествуваа во селектирање на биоотпадот и процесот на компостирање. Со големо внимание и возбуда го искористивме компостот добиен од претходно и ја збогативме почвата со вреден хумус, помагајќи им на растенијата да растат поздрави и посилни. 🌸🪴
🌏Денешниот ден беше исполнет со нови знаења, откритија и искуства кои веруваме дека децата ќе ги понесат со себе и ќе ги споделат со своите родители, баби, дедовци и пријатели, станувајќи мали амбасадори на природата.
🎁Како благодарност за нивното учество и придонес, секое дете доби магнет со QR код, кој не е само како убав спомен од денешната дружба, туку и како мала карта што води кон светот на биоотпадот, компостирањето и грижата за природата.
💚Голема благодарност и до нашите партнери **People in Need** (PIN), **ARNO**, **LEAD- Leaders for Education, Activism and Development** и **Ekovita**, во рамки на проектот „Граѓанското општество и младите за инклузивен и одржлив развој преку циркуларна економија во Северна Македонија“, финансиски поддржан од Европската Унија 🇪🇺
Од срце им благодариме на сите дечиња, учителки, негователки и на Директорката за прекрасното дружење, позитивната енергија и љубовта што ја споделивме денес.

- 🌻 Кога децата учат да ја сакаат природата, расте надежта за поубава, поздрава и позелена иднина.🌿♻️🪴





5 РАБОТИЛНИЦА 24.06.2026г.

Петта по ред работилница – уште еден чекор кон зелени навики и одговорна иднина ♻️🌿
Денес **Едукативен центар за зачувување на природата** с. Негрево, **Општина Пехчево** повторно беше место каде што знаењето, младинската енергија и љубовта кон природата се споија во едно убаво и значајно доживување. Во соработка со Младинскиот совет на Општина Пехчево, ја реализиравме петтата по ред едукативна работилница во рамки на проектот „Биоотпадот има вредност: Рециклирај природно“, заедно и со помлади но големи љубители на природата кои покажаа дека кога младите добиваат простор да учат, да прашуваат и да делуваат – се раѓаат вистински промени. 💚
🍅🥕💚Оваа работилница не беше само уште една средба, туку уште една можност да се отвори разговор за нешто што секојдневно ни е пред очи, а често останува незабележано – биоотпадот. Разговаравме за тоа како остатоците од храна, овошје, зеленчук, листови и природни материјали не мора да завршат како товар за природата, туку можат да станат вреден ресурс, нов живот, нова плодност и нова шанса за почвата.
Со оглед на тоа што дел од учесниците беа повозрасни, работилницата доби и подлабока димензија. Зборувавме не само за тоа што е биоотпад, туку и зошто е важно неговото правилно управување, какви последици носи неговото мешање со друг отпад и колку е значајно компостирањето како природен, едноставен и одржлив начин да се врати вредноста таму каде што припаѓа – во земјата. Токму преку ваквите теми младите почнуваат да ја разбираат поширокаата слика: дека грижата за животната средина не започнува со големи зборови, туку со мали, свесни и секојдневни одлуки.
🍅🥕Работилницата продолжи во пријатна и инспиративна атмосфера, со здрава сезонска храна, разговори, практични примери и заедничко истражување на тоа што навистина значи да се живее поодговорно. Младите не беа само слушатели – тие беа активни учесници, набљудувачи, прашувачи и создавачи на знаење. Преку селекција на биоотпадот и практична демонстрација на компостирањето, тие имаа можност да видат како она што на прв поглед изгледа како отпад, всушност е почеток на еден нов природен циклус.
🌳Во дворот на Едукативниот центар, преку практична работа со компост, заедно ја почувствувавме вистинската смисла на оваа тема – дека природата не фрла ништо, туку сè претвора во нов живот. Користејќи компост добиен од претходни активности, ја збогативме почвата и уште еднаш потврдивме дека секој мал чекор има вредност, особено кога е направен со знаење, соработка и почит кон природата.
💚Голема благодарност до Младинскиот совет на Општина Пехчево за соработката, довербата и заедничката посветеност кон младите и еколошките вредности, како и до сите учесници кои со својата зрелост, љубопитност и активност покажаа дека новите генерации навистина можат да бидат носители на позитивни промени.
Искрена благодарност и до нашите партнери **People in Need** (PIN), **ARNO**, **LEAD- Leaders for Education, Activism and Development** и **Ekovita**, во рамки на проектот „Граѓанското општество и младите за инклузивен и одржлив развој преку циркуларна економија во Северна Македонија“, финансиски поддржан од Европската Унија 🇪🇺

🌻 Порака:
Денес не зборувавме само за отпад.
Денес зборувавме за одговорност, за навики, за иднина и за надеж.
Зашто кога младите ќе научат дека и најмалата лушпа има своја вредност, тогаш почнуваат да гледаат поинаку и на природата, и на светот, и на сопствената улога во него.
Биоотпадот не е крај – тој е нов почеток.

А секој млад човек што ќе го разбере тоа, е семе на една поубава, позелена иднина. 🌱💚






6 РАБОТИЛНИЦА 26.06.2026г.

Шест работилници... стотици научени лекции... и едно заедничко ветување кон природата. ♻️
Во **Едукативен центар за зачувување на природата** с.Негрево, **Општина Пехчево** се одржа шестата, воедно и последна едукативна работилница во рамки на проектот „Биоотпадот има вредност: Рециклирај природно“, реализирана во соработка со ОЖП-Организација на жените од Пехчево.
Особена чест и задоволство ни претставуваше што оваа завршна работилница ја споделивме со жени од руралните и урбаните средини – жени кои секојдневно се грижат за своите семејства, домови, дворови и градини, но и жени кои со својот пример можат да бидат вистински двигатели на позитивни промени во заедницата.
Работилницата започна со интерактивна презентација за биоотпадот, неговото влијание врз животната средина и важноста на правилната селекција и компостирањето. Разговаравме за тоа дека голем дел од органскиот отпад што секојдневно го создаваме во кујната не треба да заврши на депонија, туку може да се претвори во природно ѓубриво – богат хумус што ја обновува почвата, го поттикнува растот на растенијата и придонесува за поздрава животна средина.
Посебен акцент ставивме на практичната примена на компостирањето во домашни услови. Споделивме искуства, идеи и добри практики, разговаравме за предизвиците, но и за можностите секое домаќинство да стане дел од една едноставна, природна и одржлива промена. Жените покажаа голем интерес, поставуваа прашања, споделуваа сопствени искуства и докажаа дека вистинските промени започнуваат токму таму каде што се создаваат секојдневните навики – во домот.
🍅🥕Како и на претходните работилници, уживавме во декорациите од сезонско овошје и зеленчук, практично го селектиравме биоотпадот и го проследивме процесот на компостирање. Во дворот на Едукативниот центар заеднички го искористивме готовиот компост за збогатување на почвата, уште еднаш потврдувајќи дека природата не познава отпад – таа познава само нов почеток.
Оваа последна работилница не претставува крај на проектот, туку почеток на една нова навика. Знаењето што беше споделено денес ќе продолжи да живее во домовите, градините и дворовите на секоја учесничка, а преку нив ќе се пренесе и на нивните семејства, соседи и идни генерации.

💚Искрена благодарност до ОЖП-Организација на жените од Пехчево за успешната соработка, довербата и посветеноста во промовирањето на еколошките вредности и одржливите практики.
Многу голема благодарност и до нашите партнери без кои овој проект немаше да се реализира: **People in Need** (PIN), **ARNO**, **LEAD- Leaders for Education, Activism and Development** и **Ekovita**, во рамки на проектот „Граѓанското општество и младите за инклузивен и одржлив развој преку циркуларна економија во Северна Македонија“, финансиски поддржан од Европската Унија.
Благодарност и до сите учесници, институции и организации кои беа дел од овие шест работилници и помогнаа пораката за вредноста на биоотпадот да стигне до што повеќе луѓе.

🌱Порака за крај:
Шестте работилници завршија, но нивната вистинска вредност допрва ќе се мери – во секоја компостара што ќе се постави, во секоја лушпа што нема да заврши на депонија, во секоја градина што ќе оживее со природен компост и во секое дете што ќе порасне со почит кон природата.
Бидејќи вистинските промени започнуваат дома, а растат во заедницата - со една одлука, една навика и едно убедување дека секој од нас може да биде чувар на природата.

- 💚 Биоотпадот навистина има вредност. Да продолжиме природно да рециклираме – денес, утре и за генерациите што доаѓаат. 🌍♻️





30.06.2026г. Финален настен со поставување и примопредавање на две компостари: обезбедена донација преку проектот: БИООТПАДОТ ИМА ВРЕДНОСТ: „РЕЦИКЛИРАЈ ПРИРОДНО“ во рамки на

проектот „Граѓанското општество и младите за инклузивен и одржлив развој преку циркуларна економија во Северна Македонија“финансиран од Европската Унија🇪🇺, партнери на проектот **People in Need** -ПИН, **ARNO**, **LEAD- Leaders for Education, Activism and Development**, и **Ekovita**.

♻️Со многу посветеност, ентузијазам и заедничка работа, успешно го заокруживме проектот „Биоотпадот има вредност: Рециклирај природно“, кој ни покажа дека секоја мала промена во нашите секојдневни навики може да создаде голема промена за природата.
Во изминатиот период, низ шест едукативни и практични работилници, заедно учевме, создававме, експериментиравме и ја откривавме вистинската вредност на биоотпадот. Низ интерактивни активности, практични демонстрации и креативни работилници испративме една силна порака – "Биоотпадот не е отпад, туку нов почеток".
🌱Во проектот беа вклучени: 🧒ученици и млади, 👩‍🏫наставници, 👶воспитувачи и негователи, 👩жени од урбани и рурални средини, како и бројни граѓани кои покажаа дека грижата за природата започнува токму од нашиот дом.
Особена благодарност за активното учество упатуваме до: 💚**ООУ „Ванчо Китанов“- Пехчево** ПУ „Ванчо Китанов“- с.Црник, Пехчево 💚, 💚**ООУ „Дедо Иљо Малешевски“** Берово, 💚**ОЈУДГ „ 7 СЕПТЕМВРИ “ ПЕХЧЕВО** 💚Младинскиот совет на **Општина Пехчево**, 💚ОЖП – Организација на жените од Пехчево, како и до сите учесници кои со својата енергија и љубопитност придонесоа проектот да биде успешен.

На 30.06.2026 година, проектот симболично го финализиравме со поставување и примопредавање на две компостари: обезбедена донација преку проектот, поставени во дворот на ООУ „Ванчо Китанов“ во Пехчево и во дворот на Подрачното училиште "Ванчо Китанов" во с. Црник, прифатени и потпишани од Директорката Емилија Станоевска.
Овие компостари нема да бидат само опрема, туку ќе бидат живи училници, каде учениците секојдневно ќе учат како остатоците од овошје, зеленчук, лисја и друг биоотпад се претвораат во природен компост – најдоброто природно ѓубриво.
Особено нѐ радува што дел од учениците и наставниците од овие две училишта веќе беа учесници на редовните работилници во **Едукативен центар за зачувување на природата** с. Негрево, каде практично се запознаа со целиот процес на компостирање. Денес тие веќе се наши мали амбасадори на добрите еколошки навики и своето знаење ќе го пренесуваат понатаму.
Благодарност и до сите институции, организации, учесници и пријатели кои покажаа дека заедно можеме да создадеме поздрава и почиста животна средина.
💚Но ова не е крај...
Ова е само почеток на една нова зелена приказна.

Со почетокот на новата учебна година, едукацијата, практичните активности и грижата за компостарите ќе продолжат. Ќе продолжи и нашата заедничка мисија – да ги претвориме знаењето во навика, а навиката во начин на живот.
🌿Едукативниот центар за зачувување на природата – с. Негрево продолжува да биде место каде што природата е најдобриот учител, а од денес е збогатен со уште една значајна едукативна содржина – компостирањето како практична алатка за зачувување на природата и одговорно управување со биоотпадот.
🍃Природата не создава отпад – таа создава нов живот. 🌱
Да ја чуваме денес, за да ни се заблагодари утре. ♻️
Биоотпадот има вредност – Рециклирај природно!
„Најголемиот успех на еден проект не е неговото завршување, туку неговото продолжување и одржливост, моментот кога знаењето што го создаде ќе продолжи да живее во секој дом, во секое училиште и во секое дете.“ 🌿💚

Биоотпадот Има Вредност: Рециклирај Природно ♻️





